ЕЛЕКТРАНИ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**АД ЕЛЕКТРАНИ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - СКОПЈЕ, ДИРЕКЦИЈА**
**11 Октомври 9, 1000 Скопје, П.фах 16,**
**Р. Северна Македонија**

Врз основа на член 23, став 1, точка 10 од Законот за јавни набавки, АД за производство на електрична енергија "Електрани на Северна Македонија" - Скопје, во државна сопственост, објавува:

**ЈАВЕН ПОВИК Бр. 01- 52/2024**
**за прибирање на понуди за Снабдување со електрична енергија за сопствени потреби на објектите приклучени на електродистрибутивниот систем**

## 1. ОПШТИ ОДРЕДБИ

1.1 Купувач по јавен повик бр. 01-52/2024 е А.Д."Електрани на Северна Македонија" - Скопје, со седиште на ул.11 Октомври бр.9, Скопје

**1.2. Предметот на набавка е :**
**- Снабдување со електрична енергија за сопствени потреби на објектите приклучени на електродистрибутивниот систем.**

1.3 Огласот е јавен со право на учество на сите домашни и странски правни и физички лица регистрирани за ваква дејност и кои ги исполнуваат условите од тендерската документација.

1.4 Отварањето на понудите ќе се изврши во присуство на заинтересирани понудувачи.

## 2. ОБЕМ НА НАБАВКАТА

2.1 Количините (ориентациони за едногодишна потрошувачка) и мерните места се дадени во техничката спецификација која е прилог на Тендерска документација.

2.2 Не е дозволена делумна понуда.

## 3 СОДРЖИНА НА ПОНУДАТА

3.1 Понудата треба да го содржи името, адресата и седиштето на понудувачот.

3.2 Понудата се доставува на образецот на понудата даден во тендерската документација, заедно со прилозите согласно тендерската документација.

## 4 ПОДИГАЊЕ НА ТЕНДЕРСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА

4.1. Тендерската документација, заинтересираните понудувачи можат да ја подигнат по барање, на следната e-mail адреса: riste.stefanovski@elem.com.mk; nikola.stojanovski@elem.com.mk

4.2. Контакт тел.: 02/3149-127; 02/3149-216

## 5 ПОТРЕБНА ДОКУМЕНТАЦИЈА:

5.1 Документацијата која понудувачите ја доставуваат, дефинирана е во тендерската документација.

## 6 КРИТЕРИУМИ ЗА ИЗБОР НА НАЈПОВОЛНА ПОНУДА

6.1. Евалуацијата на понудите ќе се врши согласно следните критериуми:

- Најниска цена ---------------------- 100 бода

**АД ЕЛЕКТРАНИ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - СКОПЈЕ, ДИРЕКЦИЈА**
**11 Октомври 9, 1000 Скопје, П.фах 16,**
**Р. Северна Македонија**

## 7. НАЧИН И РОК НА ДОСТАВУВАЊЕ НА ПОНУДИТЕ

7.1 Понудувачите своите понуди треба да ги достават на следната адреса АД "ЕЛЕКТРАНИ НА Северна Македонија", ул. 11 Октомври бр.9, Скопје.

7.2 Понудата се доставува во затворен коверт со назнака "не отварај", понуда по " јавен повик за **Снабдување со електрична енергија за сопствени потреби на објектите приклучени на електродистрибутивниот систем** ", со повикување на бројот на повикот.

7.3 Понудата се доставува преку пошта или во архивата на Купувачот.

7.4 Рокот за доставување на понудата е најдоцна до денот и часот на јавното отворање на понудите.

7.5 Јавното отворање на понудите ќе се изврши на ден **25.10.2024 год. во 09:30 часот** во просториите на АД"Електрани на Северна Македонија", ул. 11 Октомври бр.9, Скопје во присуство на овластените претставници на понудувачите.

## 8. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

8.1 Секој понудувач може да учествува само со една понуда, што подразбира и неможност за давање на алтернативи во понудата.

8.2 Понудите кои нема да бидат доставени до утврдениот рок и оние кои не се изработени според барањата на Огласот, како и оние кои немаат целокупна документација која се бара во Огласот, нема да се разгледуваат.

8.3 Претставниците на понудувачите треба да достават писмено овластување за учество на јавното отворање на понудите.

**Комисија за јавни набавки**